РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦ... ...ОВА - INSTITUCION NACIONAL
МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА САМОСТОЈНОСТ
MUZEU I LUFTËS MAQEDONASE PËR PAVARËS
Бр.-Nr. 01-197/1
25.02. 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Архивски знак 0102
Рок на чување 7 год/Пермаментно
20

НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

До

Д-р Бисера Костадиновска- Стојчевска

Министер за култура на Република Северна Македонија

Годишен извештај

За извршени работи и работни задачи од 1 јануари до 31 декември 2021 година

Подносител на извештајот:

Даниела Николова

Директор на

НУ Музеј на македонската борба за самостојност-Скопје

НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

Извештајот ја прикажува работата врз секоја од нејзините надлежности и се состои од две генерални целини: стручен дел каде што е претставена работата на

- стручните кадри на Музејот којшто впрочем ја претставува и интегралната дејностна Музејот во рамките на институциите на културата и

- општ дел за работата на Музејот кадешто се прикажани сите аспекти на работата на Музејот од аспект на административно-технички елементи, соработката на Музејот со сродни и други организации, тековни дејствија

Во извештајната 2021 година Музејот продолжи доследно да ја остварува својата дејност согласно законските надлежности со целосна примена на одредбите од Законот за култура, Законот за музеите и Законот за заштита на интегралната дејност на Музејот во рамките на институциите на културата.

В О В Е Д

Во текот на работењето, Музејот во целост ја исполнува својата примарна дејност, на тој начин истовремено работевме на тековните активности кои произлегуваат од законските нормативи пропишани во Законот за култура, Законот за музеите и Законот за заштита на културното наследство и во реализација на Проекти со кои се зајакнува основната музејска дејност на институцијата. Во рамките на реализацијата на проектите, оваа година Музејот реализираше повеќе проекти кои претставуваа дел од Годишната програма од национален интерес во културата на Министерството за култура, но реализиравме исто така и вонпрограмски активности се со цел да ја промовираме културата и културното наследство.

НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје и во 2021 година продолжува со реализација на проекти подржани од Министерството за култура на Република Северна Македонија.

НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk


НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје оваа 2021 година ќе реализира повеќе проекти од областа на музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство:

- **Евиденција и музејска документација** (донесен од министерот за култура на 05 јуни 2006 година) е изработена и укоричена втората инвентарна книга и каталог на предмети и во подготовка е третата инветарна книга.

-Од особено значење е реализирањето на проектот" **Превентивна заштита и конзервација на дрвените покуќнински предмети од збирката на музејот**-НУ Музеј на македонската борба за самостојност-Скопје ", финансиски подржан од Министерството за култура, од областа на музејска дејност и заштита на нематериајлното културно наследство. НУ Музеј на македонската борба, во својата збирка поседува голем број оригинални дрвени предмети распоредени во дванаесет одделенија, а посебно место завземаат покуќинските предмети коисе употребувале во селските домаќинства. Бидејќи досега не е направена интервенција,превентивна заштита и конзервација на оригиналните дрвени предмети потребна беше итна конзервација и непосредна заштита на покуќинските дрвени предмети.



НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk



Музејската дејност, освен своите историско-научни и документаристичките истражувања ги вклучува во функција и принципите на превентивната конзервација како важен елемент во зачувувањето и оддржувањето на музејската колекција. Превентивната конзервација елиминира било какви извори на штета со што се намалуваат сите физичко-хемиски потенцијални ризици врз музејските предмети, а превентивната заштита учествува во подобрување и стимулирање на пријатните микроклиматските амбиентални услови соодветни за културното добро кое се презентира.По извршениот увид кон состојбата на амбиенталната сценографија и етнолошките предмети, во текот на 2021 година по десет години, за прв пат се вклучени превентивните мерки на заштита и конзервација на музејските и амбиентално-сценските предмети во Музејот на македонската борба за самостојност.

-Имајќи во предвид потребата од подобрување на присатпноста,еден од важните приоритети е осветлувањето во постојаната музејска поставка. Од почетокот на 2021 година започнавме процес на замена на осветлувањето со лед светла во витрините на поставката, се со цел поголема видливост, пристапност до артефактите-предметите кој се примарни во музејската поставка.

Спроведените конзерваторски мерки како културни ресурси за продолжување на постоењето на музејската збирка, вклучи третмани за стабилизација на експонатите без нарушување на нивниот интегритет и внатрешна микро-клима како предуслов за создавање на стандарни музејски услови, поволни за експонатите од различна материјална природа. Преку процесите на превентивната и непосредната заштита констатираните аномалии и оштетувања беа стабилизирани, а сите потенцијални извори на ризик анулирани. Интензивната непосредна заштита, мошне значајна во тековното оддржување на музејските екпонати започна со првите три одделенија од музејската поставка. Конзервацијата се спроведува со вклучување на надворешни соработници-конзерватори.

Координатор на проектот Татјана Бошкова

Надворешен соработник Ангелина Поповска, конзерватор-советник

НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

Одобрени средства: 100. 000 денари

Реализирани : 100. 000 денари

-Друг проект кој музејот започна да го реализира со финансиска подршка од Министерството за култура, од областа на музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство е **проектот " Непосредна и превентивна заштита на приоритетен музејски фонд на хартија"**.

Во 2020 година, НУ Музеј на амкедонската борба во соработка со НУБ, започна процес на заштита на првата група осумнаесет (18) музејски предмети, подквалифицирани во филателистички добра, печатени книги, архивски збирки и картографски материјал на хартија.Со овој проект за 2021 г. се планира продолжување на започнатата постапка за непосредна заштита на првата група на предмети .



-Изработка на конзерваторски проект за долу наведентите осуманесет (18) музејски предмети (НУБ „Св. КлиментОхридски" Скопје);

-Непосредна заштита (конзервација и реставрација) соодветно одобрениот проект (НУБ„Св. КлиментОхридски" Скопје) за осуманесет (17) музејски предмети.

Втората фаза од овој проект е предвидена за оваа тековна 2021г., во рамки на која планирано е утврдување на втората група на 10 музејски предмети, со цел увид и стручна процена за нивната состојба, како и подготовка на програма за конзерваторски истражувања за оваа втора група на предмети. Со спроведувањето на оваа заштита би се потенцирала и трајната вредностна оригиналните примероци, кои се од јавен интереси од значење за историјата, културата и науката. Воедно овој проект би овозможил реализација

НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

на крајната цел на заштитата, односно пренесување на културното наследство на идните генерации.Конзервацијата се реализира во соработка со надворешен соработник.


Координатор на проектот м-р Данијела Трајкова- Крстиќ, кустос- историчар

Надворешен соработник Зорица Јаковлевска- Спировска, конзерватор-советник / НУБ

Одобрени средства: 100. 000 денари

Реализирани: 100. 000 денари

-Започнавме со реализација на проектот – **Елаборат за валоризација на збирка "Македонија во Втора светска војна"**кој е финансиски подржан од Министерството за култура, од областа на музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство. Музејската експозиција на постојаната поставка и привременото депо на музејот, посветена на Македонија во Втората светска војна содржи повеќе од 300 хеторегени историски материјали подкласифирани во категории: оружје и воена опрема, печатеникниги и весници, архивски збирки, картографски материјал, филателистичкидобра, фотографии, и дополнителен материјал со цел реалистична илустрација на конкретен временски период. Основна цел на овој проект е категоризација, утврдување на вредностите и својствата на фондот, врз основа на предходно истражени и подготвени расположливите податоци и документација, увид во моменталната состојбата на комплетна документација и истражување со цел регистрација на збирката „Македонија во Втора светска војна" и подготовка на елаборат за валоризација.Елаборатот за валоризација се реализира во соработка со надворешен соработник.



НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

Втората фаза од реализрањето на проектот се реализираше во втората половина од 2021 г.направена е Валоризација на збирката Македонија во втората Светска војна.


Координатор на проектот: м-р Данијела Трајкова-Крстиќ, кустос – историчар


Надворешен соработник : Зоја Богдановска, кустос-советник


Одобрени средства :

Реализирани средства :

-Министерството за култура на Република Северна Македонија даде финансиска подршка и на **проектот Јубилејна изложба " 30 Музејски раритети "** од областа на музејска дејности заштита на немаеријалното културно наследство . Во 2021 година музејот одбележа два значајни датуми 30 години од Независноста на Р.С.Македонија и 10 години од формирањето на НУ Музејот на македонската борба-Скопје.







НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

Основна цел на овој проект-изложба е да се селектираат најзначајните експонати-предмети од музејската колекција, со цел да ја претставиме и да ги одбележиме двата јубилеја-30 години Независност и 10 години постоење на Музејот на македонската борба-Скопје.



За потребите на проектот се изработи концепција за привремена изложба , се селектираа 30 музејски предмети.

Одобрени: 350 000 денари

Реализирани :350 000 денари

-Започнавме со проект кој музејот ќе го реализира со финансиска подршка од Министерството за култура, од областа на музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство е проектот "**Елаборат за измени и дополнувања во постојаната музејска поставка".**


Музеите се динамични институции кои ги следат потребите и промените на општествата вокои функционираат.Воова смисла,нивна задача и должност, е да одговорат на потребите на својата публика во насока на подобрување на музејското корисничко искуство. Музејот на македонската борба е специјализиран историски музеј со задача да ја презентира македонска историја на 19 и 20 век. Комплексноста на оваа задача бара повремена анализа и дополнување на историскиот наратив прикажан преку изложениот музејски фонд, со цел јасна и разбирлива комуникација меѓу музејот и публиката.


НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

Во оваа смисла, Музејот на македонската борба за самостојност има за цел подобрување на комуникацијата меѓу музејот и посетителите, која е една од примарните задачи на современите музејски институции. За таа цел се подготвува Елаборат за измени и дополнувања на постојаната музејска поставка. Измените се сочинуваат од промени во содржините и дополнувања на историските настани и нови архитектонски решенија кои ќе бидат во склад со новите предвидени содржини.

Музејот на македонската борба има потреба од измени, дополнувања на концепцијата на поставката како и технички дополнувања во начинот на презентирање на својата постојана експозиција.Во реализацијата учествуваат надворешни соработници – професори/експерти.

-Од областа на меѓународната дејност, во НУ Музеј на македонската борба за самостојност- Скопје оваа година го реализира проектот **Реализација на Меѓународната музејска конференција "Запознај, види, направи**", финансиски подржан од Министерство за култура. Национална установа Музеј на македонската борба за самостојност ја доби можноста, Република Северна Македонија и Скопје да бидат домаќини на најголемата и најпознатата музејска конференција на Балканот, "Запознај, види, направи"("Meet, see, Do") во организација на Балканска Музејска Мрежа која секојдневно го зголемува своето членство. Нашата институција е активен ЧЛЕН на БМН веќе повеќе години и зела учество на повеќе годишни конференции и била корисник на грант од мрежата. Минатата година нашата институција беше домаќин на работата на Извршниот одбор на мрежата. Конференцијата се одржа од 28-30 септември.






Коодринатор Маја Миноска-Павловска


Одобрени: 540 000 денари

НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

-Од областа на музејската дејност, се започна со подготовка и реализација на изложбата "**Градење на македонската државност**",посветена на трите заседанија на АСНОМ. Првично изложбата беше поставена во холот на музејот. За оваа изложба е отпечатен и Каталог, со кој го одбележуваме овој значаен јубилеј.









По повод 73 години од основањето на Сојузот на борците како дел од серијата на свечености со кој оваа година се одбележува големиот јубилеј 80 години од Народното востание, на покана на сојузот на борците , музејот се приклучи кон одбележувањето, поставувајќи ја изложбата "Градење на македонската државност" во холот на Домот на АРМ. Истата подоцна во рамките на Програмата на Скопско културно лето, беше поставена со дополнителен истражувачки материјал поврзан со историско документираните сведоштва од овој период.

НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk






-Во рамките на вонпрограмските активности, музејот аплицираше во Балканска Музејска мрежа и на наше големо задоволство беше одобрен проектот за аналитички пристап кон пристапноста и имплементација на **проект"ФОКУС"**-Зајакнување на капацитетите за обезбедување на мултисензорно искуство за посетителите, во текот на 2021 год.Проектот е поддржан од Hedley Trust, од Кралството на Велика Британија и Балканска Музејска Мрежа, каде сме активен член во текот на претходните 4 години.


Нашиот прв чекор (мај 2021) започна со спроведување на истражувањето за пристапност од страна на два обучени експерти од Балканска музејска група за пристапност, од што ќе добиеме Извештај за ревизија како стратешки документ и алатка за понатамошни планови и подобрувања кон пристапноста и инклузијата во постојаната поставка. Вториот чекор ќе биде развој и имплементација на избраните елементи кои ќе обезбедат тактилни и аудио-визуелни елементи. Во оваа фаза, проектот се фокусира на инклузивните и достапни елементи најмногу за слепите лица и лицата со оштетен вид, но исто така и за глувите лица и лицата со оштетен слух.

НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk





За вработените во музејот беа спроведени разговори, интервјуа за пристапност во музејот, заедно во соработка со надворешни експерти, со цел дисеминација на знаења и придонес кон подготовка на проекти за пристапност од големи размери.



НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

-Еден од приоритети на НУ Музеј на македонската борба за самостојност е збогатување на музејската колекција се со цел да им овозможиме на посетитетлите, оригинални предмети поврзани со некој значаен историски настан или лични предмети на историски личности кои го обележале периодот во кој живееле.Оригиналните предмети/артефакти се примарни во музејската поставка , и во таа насока од почетокот на оваа 2021 година музејската збирка по пат на донации ја збогативме со неколку предмети, потоа донација од семејства на познати историски личност.

- Музејот на македонската борба за самостојност гостуваше со проектот "**Неколку нијанси женски приказни"** во Република Србија.

На 5 ноември во Галерија 73 во Белград, промовиран е проектот Неколку нијанси женски приказни. Проектот е континуиран опус за претставување на жените, а говори за истакнати жени од областа на науката, уметноста, спортот, бизниз секторот, човековите права, медиумите...Прикажани се кратки видеа посветени на народниот херој Вера Јоциќ, борецот за права на жените Роза Плавева, пливачката Атина Бојаџи, првата фармацевтка на Балканот, Рајна Алексова, актерката и уметница, Калипсо Налча и оперската певица Милка Ефтимова.

Овие материјали беа збогатени со изложбени паноа кои претставуваат неколку важни историски женски ликови од постојаната поставка на Музејот на македонската борба за самостојност.Материјалите ги промовираа Даниела Николова, директор на музејот и Ана Вишинова, едукатор. Презентацијата останува во Галерија 73 каде и во наредниот период српската публика ќе има можност на непосреден начин да доживе дел од музејските приказни кои ги чува и негува Музејот на македонската борба за самостојност.

Кратките видео стории се дел од проектот на Музејот на македонската борба, Неколку нијанси женски приказни со кои оддаваме почит на неколку маркантни женски ликови од нашата историја кои оставиле траен белег во развојот на македонското општество.


НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk


- **Промоција на видеоигра во Музејот на македонската борба**

Во НУ Музеј на македонската борба за самостојност на 27.10.2021 се одржа презентација на видеоиграта „The Rude Awakening".

Видеоиграта е мултимедијално патување што го претставува секојдневниот живот и животот на фронтот на војниците за време на Првата светска војна.Играта ја реализираше креативниот центар Чентоунопроценто од Рим (Centounopercento - 101%) на иницијатива на Фондацијата Белведере-Гшвент (Лавароне, Италија), како носител на овој проект.Уметнички и креативни директори на проектот се Ренцо Карбонера и Даниеле Азара, кои со оваа игра се обиделе да одговорат на предизвикот Како да се приближат помладите генерации до музеите? Нивниот одговор е преку иновативни и интерактивни проекти кои вклучуваат многу млади во нов и сè понеопходен образовен процес.

Локален партнер во реализацијата е Македонски центар за фотографија од Скопје, чиј директор Роберт Јанкуловски беше дел од промоцијата на играта.





Минато на дланка на украински јазик

НУ Музеј на македонската борба за самостојност продолжува со интензивирање на меѓународната соработка со Украина со изработката на водичот “Минато на дланка” на украински јазик.

Особена чест ни претставува подготовката на аудио водичот Минато на дланка во украинска верзија, благодарение на Амбасадата на Украина во нашата земја, а под покровителство на Првата дама на Украина, Олена Зеленска.


НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

Реализацијата на оваа активност е во рамки на одбележувањето на 30 години од враќањето на независноста на Украина, а доаѓа во момент на интензивирање на соработката и контактите меѓу двете пријателски земји. Придонесот на Музејот на македонската борба кон овој процес е доближување и запознавање на украинските посетители со богатата македонска култура, традиција и историја на патот кон независноста.

Музејот негува посебни релации со Украина преку дел од дополнителните материјали во музејската поставка како уметничките слики кои се изработени од врвни украински уметници - Лариса Бондаренко, Наталија Папирна и Алексеј Кулаков, и восочните фигури кои исто така се изработени во Украина.

Дислокација на привремено депо

Во текот на месец ноември 2021 година се започна со евидентирање, средување по збирки и дислокација на музејски фонд од привременото депо во просторија 1/3 (одредена за депо) во подземните простории на објектот, која одговара на сите музејските стандарди.





НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

- МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА

НУ Музеј на македонската борба за самостојност-Скопје потпиша Меморандум за соработка со Министерство за надворешни работи на Република Северна Македонија со цел ефикасна и координирана соработка во функција на промоција на државата.

- На средба на Здружението на Горанци, со претседателот Един Бајрам и Шериф Мустафа од Здружението на Горанци на Македонија потпишан е Меморандум за соработка меѓу двете страни како платформа на која Музејот на македонската борба за самостојност и Здружението на Горанци ќе соработуваат на теми од заеднички интерес.





- Богат личен фонд на Анте Поповски дониран во Музејот


Збогатувањето на музејските збирки е есенцијален принцип и метод на остварување на музејската дејност и еден од приоритетите на НУ Музеј на македонската борба за самостојност.

Во годината во која се одбележуваат 90 години од раѓањето на Анте Поповски (1931-2003) македонски книжевник, поет, есеист, публицист и општественик, обемен личен фонд од исклучително значење за македонската и светската културна историја станува дел од музејскиот фонд на НУ Музеј на македонската борба по пат на истражување и подарок.

НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk







Семејството Поповски изјавија дека им е задоволство да подарат дел од личните предмети од македонскиот книжевник, поет Анте Поповски на нашиот музеј, каде соодветно ќе се чуваат и презентираат.

Овој личен фонд во форма на материјално сведоштво има моќ самостојно да раскаже повеќе или помалку познати факти за животниот пат на големиот современик. Од првичниот увид во личниот фонд и на патот кон неговата трансформација во музејски фонд, прелиминарно материјалот е класифициран во неколку категории:

- лични документи и предмети: дипломи, награди, признанија, ордени, други документи за идентификација;

- документи за професионалната дејност: лични ракописи, кореспонденција, реферати, нацрти, концепти;

- фотографски материјал;

- уметничко дело: Портрет на Анте Поповски од Коле Манев.

НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk


Следува фаза на идентификација, анализа, синтеза, интервју, контекстуализација, изработка на музејска документација, фотографија, снимање и видео материјал на музејскиот фонд, инвентаризација, презентација на музејски фонд.

Со овие чекори автентично ќе се документира книжевното културно наследство на Анте Поповски кое ја портретира богатата историја, традицијата, култура на македонскиот народ и јазик.

Донација од семејството Маслинкови

НУ Музеј на македонската борба за самостојност е во процес на континуирано дополнување и збогатување на музејскиот фонд по пат на истражување, купување, подароци, легати, завештанија, размена и на други начини, како и преку отстапување и преземање од други правни и физички лица.

Со цел збогатување на музејскиот фундус, на големо задоволство на 12 јуни, на музејот му беше подарен прекрасен килим од познатото семејство Маслинкови од Битола.



Проф. д-р Божидар Маслинков, поранешен Ректор на УКЛО, изјави дека претставува задоволство да го подарат килимот кој е чуван четири генерации со цел да биде соодветно сочуван и презентиран во Музејот на македонската борба. Семејството Маслинкови се познати интелектуалци од Битола, но и познати златари, кое повеќе пати дониираше предмети во повеќе музеи во државата.

Апелираме овој пример да го следат голем број граѓани, кои во своите домови чуваат непроценливо движно културно наследство и истото ќе го подарат во институциите кои се задолжени за чување и достојно презентирање на нашиот идентитет.

НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

- Семејството на хирургот Халид Шабан дониpаше вредни семејни предмети во Музејот на македонската борба за самостојност

Угледното скопско семејство на хирургот Др Халид Шабан, дониpаше над сто предмети од нивната семејна оставнина на Музејот на македонската борба за самостојност. Донацијата вклучува лични документи, покуќнина,текстил и месингани предмети.

- Збирката нè носи на едно патување низ четири државни системи на една иста географска точка, во период од најмалку 150 години, проживеани од повеќе генерации на семејството Шабан.



Збирката предмети ја донира Џанѓул Шабан, ќерка на познатиот скопски хирург Халид Шабан, а со подршка на нејзината мајка, Исмије Шабан. Таа сведочи за истрајноста и поривот на Др Шабан да биде успешен и признаен во својата средина во Скопје, каде како 13 годишно момче заедно со семејството дошол во главниот град, откако биле интернирани во 1941 година од валандовскиот крај. Неговата мотивација, посветеност во работата и пожртвуваност биле признаени. Тој како 35 годишен хирург бил одликуван со орденот „ Сребрена Ѕвезда“ , од претседателот на СФРЈ, Јосип Броз Тито, по спасувањето на повредените во скопскиот земјотрес. А, во 1994 година, на свои 66 години, Халид Шабан се кандидирал за избор на прв претседател на независна Македонија.

-Еден од важните приоритети е комуникацијата со јавноста, која музејот ја реализира и преку редовното ажурирање на официјалната веб-страница на која ги објавуваме сите

редовни ажурирања и настани на музејот. Информациите на веб старницата се објавуваат на македонски и англиски јазик.Парлелно со страницата, музејот во 2021 г. продолжи со активно ажурирање на профилите на социјалните мрежи facebook и google. Во комплексни услови за работење сепак позитивно искуство е што многубројни интернационални организаци овозможија бесплатен пристап до предавања и дискусии од еминентни светски музеолози на бесплатни дигитални платформа.

Донесени правни акти

Во текот на 2021 година беа донесени следниве правни акти:

- Интерна процедура за спроведување на постапките за јавните набавки во НУ Музеј на македонската борба за самостојност - Скопје

- Годишен план за спречување на корупција во во НУ Музеј на македонската борба за самостојност - Скопје за 2021 година

Технички активности во Музејот

Согласно потребите на Музејот, во текот на 2021 година беа извршени неопходни технички активности, се пристапи кон следниве интервенции:

- поправка и сервисирање на влезната врата, влез на југозападната страна од објектот

- набавка на метален ормар за чување на музејската документација и сместување во истиот на целокупната музејска документација

- замена на постојните сијалици со лед сијалици во музејската поставка

- увид и следење на системот за греење и ладење, промена на режим на работење, регулирање на температурата во просториите, од страна на стручно лице, надворешен соработник


НУ МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk


- демонтажа и монтажа на метални рафтови на површина од 400м2, отворање на магацински простор


- пренесување на книги кои беа поставени на 136 палети во две простории

- расчистување на целиот хол во подрумските простории

- санација и молерисување на подрумските простории







Посетеност на музејот во текот на 2021 година

Во текот на 2021 година ‘’Музејот на македонската борба за самостојност – Скопје,, го посетија 5221 посетители од кои 2425 се странски, а 2796 се домашни посетители. По пат на електронски пораки и преку телефонски разговори беа контактирани училишта во град Скопје и училиштата од внатрешноста на Република Северна Македонија за закажување на термин и посета на Музејот на македонската борба

Скопје, 25.02.2022 г.

Подготвил:

Директор

Даниела Николова

Доставено до:

Архива на Музејот;

Управниот одбор на Музејот;

Министерство за култура на Р.Северна Македонија